# ИНТЕРВЈУ СО Г-ЃА ЛОРЕНС ГРАФ,

## РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА МЕЃУНАРОДНИ И МЕЃУ – ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ОДНОСИ, ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОРАТ ЗА КЛИМА, ЕВРОПСКА КОМИСИЈА

*БИЛЈАНА АРСОВСКА, 24 HOURS NEWS TV*



***„Кога ќе ги погледнете заштедите на трошоците, кога ќе ги погледнете заштедите на енергијата, фактот што ја намалува сопствената зависност од увозот на нафта и гас, кои на крајот на денот многу, многу скапо чинат, мислам дека токму ова помага за справување со кризата. Тоа е решение за кризата.“***

***г-ѓа Граф, од кога започна интересот на Европската Унија за климатските промени и ефектите на климата?***

Интересот започна пред многу време, јас би рекла пред многу години. Секогаш сме биле длабоко вклучени во климатските разговори. Во времето кога се преговараше за Протоколот од Кјото ние веќе бевме длабоко вклучени во тие разговори. Оттогаш ние брзо го ратификувавме Протоколот од Кјото и сега ги имплементираме целите од Кјото. И морам да кажам дека сме на вистинскиот пат да ги исполниме овие цели. Од тој момент ние веќе одлучивме да одиме и чекор понатаму, и да воспоставиме обврзувачко законодавство со цели кои треба да се исполнат до 2020, со цел да ја намалиме емисијата на штетните гасови за 20% до 2020 и исто така, да го зголемиме уделот на енергијата од обновливи извори во вкупната потрошена енергија за 20% до истиот тој датум.

Затоа, да, навистина сме амбициозни и решителни да преземеме многу акции во рамките на ЕУ. И веќе имаме на сила широка законска рамка која треба да го овозможи остварувањето на овие цели. Ние дефинитивно веруваме дека мора да си го исполниме нашиот дел од напорите. Ова е глобално прашање и тоа навистина итно прашање. И како развиени земји ние мора да ги преземеме ваквите напори. Но морам исто така да кажам дека веруваме дека целта не е единствено за борбата против климатските промени туку и наш сопствен интерес е да го направиме ова, заедно со соодветен сет на енергетска политика, затоа што тоа носи многу важна корист. Тоа е исто така важно, јас би рекла и за справување со економската криза во која се наоѓаме во моментов, а знаете дека таа е силна. Затоа што тоа ни носи важни придобивки од аспект на заштеда на енергија намалување на нашата зависност од увозот на енергија, а исто така создава и работни места. Тоа е дел од “зелениот” развој, се создаваат “зелени” работни места и така помага во справувањето со кризата. Затоа, тоа е начин да не се додава нова криза на веќе постоечката, туку тоа е дел од решението. Затоа, од сите овие причини ние сме решени да одиме напред со овој пакет, па дури и размислуваме чекор понапред, ги гледаме долгорочните перспективи, што ќе биде потребо за Европската Унија да се подготви за економија со мала емисија на јаглерод до 2050-тата година.

***Колку сметате дека оваа е заедничка акција на земјите членки а колку тоа зависи од индивидуалната волја на земјите членки?***

Мислам дека тоа е многу добро прашање, бидејќи ние ги прифативме овие цели заеднички. Тоа значи дека тоа е заеднички, колективен напор од страна на ЕУ и имаме еден број политички инструменти кои се целосно хармонизирани во ЕУ. Тоа е забележително во шемата за размена на штетни гасови, која ги покрива најголемите загадувачи во рамките на Унијата и низ целата Унија. Но исто така имаме и алатки кои овозможуваат диференцијација меѓу земјите-членки, во зависност од критериуми како што се: БДП по глава на жител, зависно од различните потенцијали за емисија од земјите-членки, зависност од различните потенцијали за емисија од земјите-членки, кои на кратко зависат од националните услови. Затоа тоа во исто време е колективен напор на ЕУ, но дозволува и диференцијација меѓу земјите-членки. А убавината на сето ова, ќе кажам, е во тоа што се дозволува поголема рамноправност, еднаквост, но дозволува и солидарност, меќу различните земји членки. И постои еден број на алатки за редистрибуција, кои овозможуваат најбогатите земји-членки да ги поддржат оние на кои им е потребна поддршка со цел да се движат во иста насока. Затоа мислам дека се работи за многу сложен систем на алатки, но во сито време и дозволува на Унијата да се појави на меѓународно ниво и да каже – ова е тоа што ние сакаме да го ставиме на маса, тоа е нашиот удел. А во исто време да ги вклучиме сите во Унијата и да направиме да се чувствуваат удобно, иако сите не се во иста ситуација.

***Од аспект на мотивација колку се разликуваат земјите членки во поглед на климатската акција, дали се некој помотивирани и поангажирани и повеќе свесни да се каже во врска со климатските промени или сите подеднакво ги разбираат овие работи?***

Не би одела до таму за да кажам дека сите се подеднакво мотивирани. Некој од нив дефинитивно се силно мотивирани и навистина веруваат во ова, па дури сакаат да одат и понатаму од она што сме се договориле во 2008-мата. Но, мислам дека сите се подеднакво загрижени во врска со климатските промени. Сите сфаќаат дека климатските промнени веќе имаат влијание во нивната земја и сите се убедени дека мора да дејствуваат сега, бидејќи во спротивно тоа ќе не чини дури и поскапо. Мислам дека сите се чувствуваат удобно со она што го договоривме, токму заради оваа рамноправност која ја споменав. Јас дури би рекла, а за тоа исто така се разговара во овие моменти и во Брисел меѓу Комисијата, Советот и Парламентот...го дискутираме новиот буџетски циклус за 2014-2020, а во него исто така ќе има нова стапка за климатската акција која повторно ќе им помогне на оние земји-членки кои имаат потреба од тоа, за да го поддржи нивното прилагодување кон економијата со ниска емисија на јаглерод. Затоа, се на се мислам дека некои се поамбициозни од другите, но сите се чувствуваат удобно со она што веќе го имаме. Се разбира, ние мислам дека веќе сме во процес на разговори, затоа што минатата година Азија беше навистина под силен удар. За ова веќе се дискутира, но ќе биде потребно одредено време и токму таму можете веројатно да видите одредена разлика. Но мислам дека во моментов сите се комплетно уверени во потребата, да се дејствува и за Европската Унија да дејствува и да предводи во оваа сфера. Затоа што ова навистина е глобална трка. Други клучни актери околу нас како што е Кина веќе преземаат акции и откако ќе започнат веќе знаеме дека ќе бидат многу, многу брзи. Затоа ако не сакаме да заостануваме, а тоа може да дојде многу набрзо, мислам дека треба да бидеме многу внимателни и да продолжиме со вистинското ниво на амбиции, а во исто време да ги држиме сите вклучени.



***„Убавината на процесот на пристапување е во тоа што ни дава можност многу тесно да соработуваме, да го разменуваме нашето искуство, исто така преку одреден број алатки, како што е Инструментот за претпристапна помош, кој кон себе има прикачена и финансиска поддршка...“***

***Како се промени климата во Европа во изминатите години и кои се најнегативните ефекти кои што од таа промена произлегоа?***

Всушност постои еден континуиран тренд, климата има растечко влијание секаде вклучувајќи ја и Европа. Тоа е веќе документирано, го имаме најновиот ИПЦЦ- Меѓувладиниот панел за климатски промени, кој е составен од повеќе од 400 научници од целиот свет кои го испитуваат токму влијанието врз светот генерално, вклучувајќи ја и Европа. Тие пред неколку месеци објавија нов извештај во кој ги детектираат предизвиците. Во овој извештај повторно јасно е дека Европа исто така трпи влијание. Се разбира, Европа не е толку на удар како што се другите региони во светот, како што е на пример Африка или Азија, затоа што минатата година Азија беше навистина под силен удар, но и Европа дефинитивно е тука. И тоа го гледате во неколку клучни сектори, како што е земјоделството во Јужна Европа, на пример. Тоа трпи огромни последици проблемите со водоснабдувањето стануваат многу акутни и ние мора да се соочиме со тоа. Тоа исто така има влијание и врз инфраструктурата. Транспортната инфраструктура сите поголеми инфраструктурни проекти насекаде кои треба сега да се градат, мора да го земат предизвикот на прилагодување, мора да бидат во согласност со климата ако сакаат да издржат една, две или три децении. Затоа, се согласувам, бевме повеќе активни во намалувањето на емисии во минатото, отколку во адаптацијата. Но, сега, во светло на новите информации кои доаѓаат ние стануваме исклучително активни во делот на адаптацијата. Ако погледнеме пошироко на тоа што треба да се направи, од аспект на истражување,



затоа што ќе ни бидат потребни веројатно повеќе информации да знаеме какво влијание во кој регион може да се очекува итн. Планините, на пример, исто така. Ние веќе развивме стратегија, со која треба широко да се разгледаат сите различни европски политики  и да се види што треба да се направи за подобро да се рефлектира предизвикот на адаптација на климатските промени.

***Како ја проценувате ситуацијата на Балканот на овој план и колку климата на Балканот има влијание врз климата на Европа во целина?***

Вториот дел од ова прашање е навистина незгоден и е навистина научен и затоа не би влегла во тоа, немам доволно знаење за тоа.  Факт е дека е јасно, очигледно е дека климатските промени исто така се случуваат и тука, во балканскиот регион. Мислам дека и вие сте виделе навистина екстремни временски појави во последните години. Навистина е јасно дека тие ќе стануваат многу почести. Тука мислам на поплави, но и на суши, од една крајност на друга. Тоа е многу јасно. Има влијание и врз клучните сектори, како што на пример во оваа земја е земјоделството. Значи земјоделскиот сектор, кој е навистина важен сектор од економијата станува се повеќе ранлив од климатските промени и ќе биде потребно веројатно повторно да работиме со научниците за да пронајдеме начин за да го направиме и земјоделството “паметно ” и прилагодливо на овие промени. Затоа што, без разлика дали сакаме или не, неизбежно, па дури и ако преземеме навистина силна акција во делот на испуштањето на штетните гасови, ударот сепак е тука и ќе мора да се соочиме со него. Затоа мислам дека мораме, а и вие исто така мора да инвестирате во справувањето со тоа во годините кои престојат.

***Каква акција се очекува од Македонија како земја кандидат за членство во Европската Унија во поглед на климатските промени, постојат ли прописи на ниво на ЕУ кои се задолжителни и веќе се очекува да започне да ги применува нашата земја?***

Како земја-кандидат Македонија мора да се подготвува себе си за прилагодување кон европското законодавство за климата. Тоа е дел од процесот на пристапување и зато разговаравме во Скопје денеска, а ќе разговараме и утре. Понатаму и токму во тој контекст мислам дека земјава ќе треба да види што има пред себе во смисла на предизвици, на можности, но исто така и потреби. Постојат одреден број на стратегии кои веќе се развиени на ова поле и тоа е навистина добара почеток подеднакво и во делот на климата, но и во клучните сектори, како што е на пример секторот на енергетиката кој е основата на емисиите од оваа земја. Затоа мислам дека тоа е многу важен сектор и знам дека веќе се преземаат активности за обновлива енергија и енергетска ефикасност па и тоа е многу добар почеток. Можам само да ги охрабрам соодветните министерства да одат и чекор понатаму, затоа што тоа е во почетна фаза. И министерството за транспорт го има ова во предвид. Тоа е на краток рок. На среден рок, се разбира, мора да бидеме попрецизни и да работиме заедно за да одиме уште понатаму од усвоената стратегија и да видиме што е возможно да се направи од аспект на климатските цели и како да го вметнеме тоа во различни законски решенија, бидејќи на долг рок, кога земјата се надевам, ќе стане членка на ЕУ, целото законодавство кое што во моментов е на сила во Унијата треба да биде соодветно имплементирано и во оваа земја исто така. Тоа е еден долг процес. Убавината на процесот на пристапување е во тоа што ни дава можност многу тесно да соработуваме, да го разменуваме нашето искуство, исто така преку одреден број алатки, како што е Инструментот за претпристапна помош, кој кон себе има прикачена и финансиска поддршка, да развиеме поголем број на проекти со кои можете да започнете да се подготвувате за законодавството и за основните алатки кои ќе ви бидат потребни за потоа да го имплементирате тоа законодавство. Затоа мислам дека токму на ова ќе работиме навистина напорно со различните министерства и за тоа дискутиравме денеска, а ќе продолжиме и утре.

***Овие прашања поврзани со животната средина и со климата често се оценуваат веројатно како најтешките прашања за земјите кои што одат по овој пат на пристапување, зошто мислите дека тоа е така, зошто мислите дека овие прашања се доживуваат како најтешки во процесот на преговорите?***

Не сум сосема сигурна дека ова е точно насекаде. Го имаме искуството само на една земја која го имаше ова искуство во процесот на пристапување. Очигледно е дека таму тоа беше предизвик, но сепак, да оставиме на страна дека не е случај со делот на клима, туку со законодавството за животната средина, точно е дека постои широк спектар на законски прописи кои треба да се прифатат и веројатно тука лежи предизвикот. Но, јас немав впечаток дека се работи за толкав предизвик. Мислам дека клучниот предизвик кој секако го забележувам е предизвикот за ресурсите и капацитетите, институционален капацитет во земјата, што веројатно е подеднакво точно и за делот на климата и за делот на животната средина. Тоа е исто така точно и затоа што овие законски прописи, овие прашања се во голема мера технички. Затоа потребно е високо ниво на експертско знаење и тоа повторно е уште една област. Затоа што ние го имаме ова знаење и имаме потреба да го поделиме. Исто така, треба да го поделиме и со другите земји кои веќе поминале низ процесот на проширување порано. Но прашањето за изградба на капацитетите на оваа земја навистина е проблем. Слушнав утрово дека постои можност во земјава да се зајакне тимот кој работи на оваа сфера и сметам дека тоа ќе биде многу добра вест, затоа што навистина ќе има потреба од тоа ако сакаме најпрвин да ги развиеме проектите, а потоа да одиме уште подлабоко во техничките детали. Тоа е од суштинска важност. Мислам дека уште едно нешто е суштински важно, а тоа е соодветен систем на координација, затоа што предизвикот на климатските промени е во тоа што можете да имате специјален тим посветен на тоа, но во исто време морате многу многу блиску да соработувате со луѓето од транспортот, од енергетиката, со луѓето од Министерството за економија, се разбира со тие од земјоделството, па затоа е потребно знаење за климатските промени и услови да се прошири на секаде и ви треба навистина добра соработка.

***Во последниот Извештај на Европската Комисија за напредокот на Македонија во делот за климатска акција и климатски промени Европската Комисија забележува дека потребно е значително зголемување на јавната свест во земјата за овие прашања поврзани со климатската акција. На што Европската Комисија го темели ваквиот заклучок, дали постојат одредени истражувања кои сугерираат дека Македонците не се доволно свесни за ефектите од климатските промени?***

Фактот е во тоа што ова веројатно дојде од сознанието дека во оваа земја, климатските промени се уште не го добиваат вниманието како врвен приоритет. Затоа што тоа е исто така прашање на свест од страна на граѓаните. Секогаш во таа насока можат да се направат повеќе напори со цел да се вклучат сите за сите да можат да ја преземат неопходната акција, затоа што сите ние како граѓани треба да преземеме активности како и локалните и регионалните власти, така што постоеше одредена перцепција дека јавната свест се уште не е на задоволителното ниво. Ова, сепак, не е проблем сам по себе. Всушност тоа е една многу честа појава. Да бидам искрена, мислам дека јавната свест многу брзо расне затоа што луѓето гледаат дека климата се менува и го гледаат влијанието од тоа. Затоа мислам дека станува збор за само неколку години, но веќе постои



раст. Не сме загрижени за тоа, иако точно е дека во споредба со другите делови од Европа каде што оваа тема ја има секаде, интегрирана е во образованието и тоа од рана возраст, тоа тука се уште не е случај. Но, ќе биде и тоа.

***Македонија веројатно како и другите земји кои што се на пат кон ЕУ од овој регион не може да се пофали со големо ниво на инвестиции во изминатите години од аспект на климатската акција и заштита на животната средина, веројатно тоа е и една од причините заради која што регионот заостанува во овие прашања во однос на Европа. Сега во моменти кога на располагање стојат средствата од ИПА фондовите, колку сметате дека тие фондови се искористени во вистинска мера за подобрување на состојбите во врска со климатските промени?***

Мислам дека земјава се уште не ги користи, но постои таа перспектива дека може и дека ќе ги користи во иднина. Треба да работиме на тоа. Мислам дека фондовите се тука, има неколку проекти кои се на дофат. Ставката и приоритетите кои се даваат на проектите од сфера на климатската акција и животната средина постои и мислам дека треба да ја сфатиме користа од тоа и да работиме заедно за да развиеме добри проекти. Тоа исто така е смислата и на пораката која ја пренесуваме денес – дека не треба да ги пропуштаме можностите кои постојат. Повторно и ова не враќа на прашањето за капацитетот. Се разбира, самото развивање на еден проект бара капацитет, бара знаења. И токму тоа итно е неопходно за да бидете во позиција да составите проект и тој проект да биде квалитетен и да биде одобрен на крај на денот. Но, уверена сум дека ако постои политичка волја за тоа да се направи, мислам дека заедно можеме да работиме за да не дозволиме пропуштање на шансите затоа што тоа ќе биде вистинска штета.

***Уште едно прашање за земја како Македонија секогаш е битен економскиот раст затоа што се обидуваме на некој начин да надокнадиме и да ги стигнеме економските земји од аспект на економскиот раст. Како од една страна да се зборува климатска акција, заштита на животната средина а од друга страна за економски раст, дали постои нешто како зелена индустрија или зелен економски развој?***

Да, тоа е прашање кое сите си го поставуваме. И морам да кажам – да, убедени сме дека економскиот раст не е некомпатибилен со амбициозна заштита на животната средина и климатска акција. Кога ќе го погледнете она што се случи во Европа, ние навистина драстично успеавме да ги намалиме нашите емисии на штетни гасови во последните 10 години, додека во исто време продолживме во трка за економски раст. Тоа значи дека овие две работи можат да ги раздвоите и овие нешта заемно не се исклучуваат. Вие навистина можете да ги имате и двете нешта. Јас дури и би рекла дека дури сега, додека сме во време на тешка економска криза, треба да се преземаат амбициозни климатски акција заедно со амбициозни енергетски политики. И мислам дека тоа во голема мера важи и тука, бидејќи тука, на пример има голем потенцијал за енергетска ефикасност. Кога ќе ги погледнете заштедите на трошоците, кога ќе ги погледнете заштедите на енергијата, фактот што ја намалува сопствената зависност од увозот на нафта и гас, кои на крајот на денот многу, многу скапо чинат, мислам дека токму ова помага за справување со кризата. Тоа е решение за кризата. Да не го спомнуваме “зелениот” раст за кој претходно зборував, знаете сите сектори произведуваат, извезуваат технологии со ниска емисија на јаглерод, услуги со ниска емисија на јаглерод. Тоа е исто така дел од решението на кризата. На овој начин се создаваат работни места. А создавањето на работни места е клучно овие денови. Затоа мислам дека тоа е другиот агол кој мора да го погледнеме. Но, се на се – да, тие две работи се компатибилни и да, ова е решение на кризата.